**ПИ ВИТАМИНКА АД – ПРИЛЕП**
Адреса: „Леце Котески“ бр. 23
7500 Прилеп, Р.С.Македонија
Телефон: **+389 48 407 407**

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

## За периодот Јануари – септември 2023 година

П.И “Витаминка” АД Прилеп за периодот Јануари – септември 2023 година оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидираниот единечен Биланс на успех.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во деветмесечието од 2023 година изнесуваат 2,458,227 илјади денари и во споредба со остварените за истиот период во 2022 година бележат незначителен пад од 14%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 99%, имаат приходите остварени од продажба на производи и услуги од основна дејност, кои во споредба со остварените во 2022 година се помали за 14%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во деветмесечието од 2023 година изнесуваат 2,327,814 илјади денари и во споредба со остварените за истиот период во 2022 година бележат намалување од 23%. Висината на вкупните расходи е во корелација со работењето во деветмесечието од 2023 година.

Во извештајниот период е остварена добивка по оданочување во висина од 22,907 илјади денари, која во споредба со добивката за истиот период од минатата година е зголемена за 15%.

Во деветмесечието од 2023 година се преземени соодветни активности во поглед почитување на мерките за продажба на сончогледово масло за јадење. Трендот на вкупниот приход на друштвото не е лош, но сепак неблагодарно е да се предвидува во услови на голема макроекономска нестабилност. Воениот конфликт во Украина, новиот воен конфликт во појасот Газа, умерената инфлација, секојдневните варијации на цената на суровата и геополитичката состојба и понатаму е непозната. Оперативниот тим на друштвото води посебна грижа за готовинскиот тек.

Раководството на Друштвото внимателно ги разгледува тековните пакет мерки донесени од Владата со цел амортизирање на негативните ефекти на континуираното деловно работење, предизвикани од воените и економските кризи. Компанијата внимателно ја планира својата тековна ликвидност и оперативните активности кон новонастанатата ситуација.

Прилеп, 30.10.2023 година

Финансиско-сметководствен сектор